# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

За работењето на Надзорниот Одбор
на
ГД Гранит АД Скопје во 2023 година



GRANIT
BUILDING & CONSTRUCTION

# СОДРЖИНА:

**01. СОСТАВ, РАБОТА И ЕВАЛУАЦИЈА НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР ВО 2023 ГОДИНА**
01.1. Состав на Надзорниот Одбор
01.2. Работа на Надзорниот Одбор во 2023 година
01.3. Евалуација на работењето на Надзорниот Одбор во 2023 година

**02. НАДЗОР НАД РАБОТЕЊЕТО НА ДРУШТВОТО**
02.1. Разгледување на кварталните извештаи од работењето на Друштвото
02.2. Контрола на годишните сметки, финансиските извештаи и Годишниот извештај за работењето на ГД Гранит АД Скопје
02.3. Ревизија на финансиските извештаи и Годишната сметка за 2023 година
02.4. Разгледување на преодни задачи за работа во 2024 година

**03. РАБОТА НА СЛУЖБА ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА**

**04. ЕВАЛУАЦИЈА НА РАБОТЕЊЕТО НА УПРАВНИОТ ОДБОР ВО 2023 ГОДИНА**

**05. СОРАБОТКА СО УПРАВНИОТ ОДБОР НА ГД ГРАНИТ АД СКОПЈЕ**

**06. ПРЕПОРАКИ ОД НАДЗОРНИОТ ОДБОР ДО ГОДИШНОТО СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ**

**07. ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА**

GRANIT
BUILDING & CONSTRUCTION

# 01

## СОСТАВ, РАБОТА И ЕВАЛУАЦИЈА НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР ВО 2023 ГОДИНА



GRANIT
BUILDING & CONSTRUCTION

# 01.1 Состав на Надзорниот Одбор на ГД Гранит АД Скопје

Надзорниот Одбор на ГД Гранит АД Скопје составен од 3 члена, кои што беа именувани на 11.05.2020 година, и тоа:

- Ивана Милковска Симева, дипломиран инженер архитект – Претседател на Надзорен Одбор
- Виолета Божиноска, дипломиран правник – Член на Надзорен Одбор
- Горан Марковски, магистер по економија – Независен член и заменик Претседател на Надзорен Одбор.

Нивниот мандат трае 6 години, односно до 11.05.2026 година.

Сите членови на Надзорниот Одбор на Друштвото ги исполнуваат критериумите за независност пропишани со Кодексот за корпоративно управување.

Составот на Надзорниот Одбор овозможува и еднаква застапеност на жените, односно 2/3 од членовите на Надзорниот Одбор се жени.

GRANIT

# 01.2. Работа на Надзорниот Одбор во 2023 година

Врз основа на надлежностите утврдени со Законот за трговски друштва, Кодексот за корпоративно управување на котираните Друштва на Македонска Берза, Статутот на Друштвото, Кодексот за корпоративно управување на Друштвото, Деловникот на Надзорниот Одбор на ГД Гранит АД Скопје и другите интерни акти на Друштвото, во текот на 2023 година, Надзорниот Одбор на ГД Гранит АД Скопје вршеше континуиран и стручен надзор над работењето на Друштвото и му даваше стратешки насоки, го надгледуваше работењето на Управниот Одбор на Друштвото, ги проверуваше книгите и документите на Друштвото.

Во вршењето на обврските, Надзорниот Одбор, особено посветуваше внимание на движењето на финансиските показатели, профитабилноста и ликвидноста на Друштвото, состојбата на имотот, благајната, хартиите од вредност и стоките и се грижеше за спроведување на деловната политика усвоена од Собранието на Друштвото, континуирано управување со ризиците во работењето на Друштвото, притоа водејќи сметка за интересите на акционерите и другите засегнати лица. Надзорниот Одбор редовно расправаше за состојбите во градежништвото, општите состојби во стопанството и сите прашања кои влијаат врз работењето на Друштвото.

Во текот на 2023 година, Надзорниот Одбор одржа 6 редовни седници на кои заседаваше и одлучуваше во полн состав, а на истите усвои 25 Одлуки.

# 01.2. Работа на Надзорниот Одбор во 2023 година

Соработката и континуираната комуникација помеѓу Надзорниот и Управниот Одбор се од клучно значење за обезбедување на успешно работење на Друштвото, па Управниот Одбор редовно го известуваше Надзорниот Одбор за тековните резултати од работењето на Друштвото.

Согласно тоа, Надзорниот Одбор на ГД Гранит АД Скопје:

- Го надгледуваше и вршеше надзор над работењето на Друштвото и донесените акти од страна на Управниот Одбор на Друштвото;
- Спроведуваше увид и проверка во книгите на Друштвото;
- Вршеше оценка на точноста и доследноста на информациите и финансиските извештаи;
- Ја надгледуваше имплементацијата на стратешките политики на Друштвото;





# 01.2. Работа на Надзорниот Одбор во 2023 година

- Ја следеше усогласеноста на работењето на Друштвото со позитивното право на Република Северна Македонија;
- Делуваше во насока на заштита на интересите на сите акционери и другите засегнати лица;
- Носеше одлуки и даваше препораки и согласности, во рамки на потребите на Друштвото, а согласно своите надлежности.

Кога природата и итноста на работите од Надлежност на Надзорниот Одбор го налагаше тоа, согласно член 80 од Статутот на Друштвото и член 13 од Деловникот за работа на Надзорниот Одбор, Надзорниот Одбор одлучуваше без одржување на седница и во 2023 година, усвои 3 Одлуки без одржување на седница.

Членовите на Надзорниот Одбор во 2023 година, колективно и секој поединечно, работеа во насока на исполнување на законските обврски, со што придонесоа за успешен деловен континуитет и стабилно корпоративно управување, преку:

- Следење и разгледување на ликвидноста, економско-финансиската состојба на Друштвото и донесување соодветни одлуки за ефикасна искористеност на средствата;
- Давање насоки за развој и унапредување на работењето на Друштвото;

GRANIT

# 01.2. Работа на Надзорниот Одбор во 2023 година

- Давање насоки за усогласување со измените во законската регулатива која е од доменот на надлежностите на Надзорниот Одбор;
- Следење и давање насоки за усогласување со Кодексот за корпоративно управување усвоен од Македонската берза за хартии од вредност;
- Разгледување информации доставени од Управниот Одбор на Друштвото.

Во 2024 година, Надзорниот Одбор ќе продолжи да ги имплементира најдобрите меѓународни практики од сферата на доброто корпоративно управување, а со цел заштита на интересите и остварување на правата на акционерите, инвеститорите, клиентите, добавувачите, вработените и другите засегнати страни.

Непроменлива останува определбата на Надзорниот Одбор на ГД Гранит АД Скопје за континуираното надградување на стратешките приоритети на Друштвото и на истата Надзорниот Одбор ќе продолжи да посветува особено внимание.

GRANIT
BUILDING & CONSTRUCTION

# 01.3. Евалуација на работењето на Надзорниот Одбор во 2023 година

Надзорниот Одбор на ГД Гранит АД Скопје во 2023 година успешно ги вршеше законските обврски и надлежности и во таа насока, согласно одредбата 2.25 од Кодексот за корпоративно управување на котираните акционерски друштва на Македонска Берза, изврши евалуација на своето работење.

Евалуацијата имаше за цел да ја процени и оцени ангажираноста, составот, потенцијалниот судир на интереси на сите членови поединечно, при што оцени како што следи:






GRANIT

## 1. Ивана Милковска – Претседател на Надзорен Одбор

Ивана Милковска Симева е дипломиран инженер архитект и веќе една деценија успешно ја извршува функцијата на Заменик Генерален Директор во Друштвото.

Искуството во Гранит, кое започнува од комерцијалниот сектор на Друштвото, а продолжува како Советник и Помошник Генерален Директор, ѝ овозможува да навлезе во суштината на финансиското и на оперативното работење на Друштвото. Од 2008 година е избрана за член на Надзорниот Одбор, а од 2016 година е на чело на Надзорниот Одбор како Претседател на истиот.

Како докажан професионалец и успешен менаџер има широки познавања од корпоративното управување, кои постојано ги надградува и проширува, следејќи ги најновите корпоративни практики.

Функцијата Претседател на Надзорниот Одбор ја врши успешно и професионално, организирајќи ја работата на Надзорниот Одбор, одговорна да ги води и иницира дискусиите и во рамките на своите овластувања да делува во најдобар интерес на Друштвото. Претседателот ја нагледуваше и работата на Надзорниот Одбор и беше иницијатор на постапката за оцена на Надзорниот Одбор.

Со својот несебичен ангажман, придонес и посветеност, Ивана Милковска Симева, а во соработка со останатите членови од Надзорниот Одбор обезбеди актите да се донесат во транспарентна и документирана посапка, поткрепена со соодветни информации, извештаи и податоци кои беа соодветно и детално анализирани и дискутирани на седниците во текот на 2023 година.

GRANIT

**2. Виолета Божиноска – Член на Надзорен Одбор**

Виолета Божиноска е дипломиран правник. Во ГД Гранит АД Скопје функцијата на Директор на Секторот за правни, кадрови и општи работи ја извршува од 1997 година, а повеќе од 2 децении беше член на Управниот Одбор на Друштвото.

Дополнително, од 2005 година беше член и на Надзорниот Одбор на Здружението на правници на Македонија.

Поминувајќи го целиот работен век во правниот сектор во ГД Гранит АД Скопје, Виолета Божиноска е носителот на искуството и мудроста во Надзорниот Одбор. Искусен професионалец, докажан и успешен менаџер, кој е вклучен во секој сегмент од работењето на Друштвото речиси половина век, како дел од тимот што е најзаслужен за одржување на висока позиција на Гранит во градежништвото. Како правник со повеќедецениско искуство има темелни познавања од корпоративното управување и постојано ја следи усогласеноста на работењето како на Надзорниот Одбор, така и на Друштвото со позитивната регулатива.

Виолета Божиноска посвети доволно време и со должното внимание ги извршуваше своите обврски кои произлегуваат од надлежностите на членовите на Надзорниот Одбор.

GRANIT
BUILDING & CONSTRUCTION

**3. Горан Марковски – Независен член на Надзорен Одбор**

Горан Марковски е магистер по економија, кој веќе 8 години е член на Надзорниот Одбор на ГД Гранит АД Скопје. Согласно точката 2.8 од Кодексот за корпоративно управување, во 2021 година е назначен и за Заменик Претседател на Надзорниот Одбор на Друштвото.

Професионалец од полето на инвестициските фондови, финансиите, банкарското работење, кој е ангажиран и како предавач на обуки за брокери и инвестициски советници и неговото знаење и искуство се од клучно значење за надзорот над финансиското работење на Друштвото и управувањето со имотот.

Горан Марковски беше присутен на сите седници на Надзорниот Одбор одржани во 2023 година, активно учествуваше, даваше сугестии, мислења и предлози и на тој начин во целост ги исполни обврските и одговори професионално на задачите, како член на Надзорниот Одбор.

GRANIT

Надзорниот Одбор во текот на 2023 година во целост ги исполни обврските и целите кои произлегуваат од важечките закони, подзаконски акти, Кодексот за корпоративно управување на котираните акционерски друштва на Македонска Берза, како и интерните акти на Друштвото.

Бројот и составот на Надзорниот Одбор обезбедија исполнување на критериумите на независност пропишани со Кодексот за корпоративно управување и го сведоа на минимум ризикот од „групно размислување“. На тој начин, во целост одговорија на потребите на работењето на Друштвото и на предизвиците кои ги наметна работењето во 2023 година.

Надзорниот Одбор на ГД Гранит АД Скопје, своето работење во текот на 2023 година го оценува позитивно засновано на фактот што истиот работеше во рамките и надлежностите утврдени со Законот за трговски друштва, како и Статутот на Друштвото и Деловникот на Надзорниот Одбор на Друштвото и во целост ги исполни обврските кои произлегуваат од наведеното.

GRANIT
BUILDING & CONSTRUCTION

# 02

# НАДЗОР НАД УПРАВУВАЊЕТО НА ДРУШТВОТО



GRANIT
BUILDING & CONSTRUCTION

# 02.1. Разгледување на квартални извештаи од работењето на Друштвото

Надзорниот Одбор континуирано и детално ги анализираше периодичните извештаи за работењето на Организационите и Работните Единици кои функционираат во рамките на Друштвото, како и ДООЕЛ-ите основани од Друштвото и на тој начин вршеше увид, анализа и контрола врз управувањето од страна на Управниот Одбор. Зависно од утврдените потреби препознати преку анализата на горенаведените Извештаи, Надзорниот Одбор, тековно носеше Одлуки и Заклучоци.

Во 2023 година светската економија беше погодена од постоечката криза во Украина со Русија, енергетска криза со значајното зголемување на цените на главните енергенси и материјали (струја, гас, нафта, железо), нестабилноста на цените како и стапката на инфлација. Македонската економија не беше одмината од ваквите негативни влијанија, кои имаат ефект врз зголемувањето и нестабилноста на цените на одредени суровини и материјали, енергијата, а преку тоа и врз крајните цени на многу производи.

Друштвото оствари позитивни резултати и во услови на економска криза и нестабилност, а продолжува и континуирано да ги следи движењата и да се прилагодува на состојбите на пазарот.

# 02.2. Контрола на годишните сметки, финансиските извештаи и Годишниот извештај за работењето на ГД Гранит АД Скопје

Контролата и проверката на Годишната сметка и консолидираната годишна сметка на Друштвото за 2023 година, поединечните и консолидираните финансиски извештаи за 2023 година и Годишниот извештај за работењето во 2023 година потврди дека информациите искажани во истите се објективни и искажани согласно законските прописи и стандардите од финансиската област.

Оттука, Надзорниот Одбор оправдано даде согласност на Одлуката за распределба на добивка, која покрај фактичка финансиска основаност, е и правно основана, односно изготвена согласно критериумите утврдени во Законот за трговските друштва и останатите позитивни законски прописи.

Во однос на предложените материјали и Одлуки за донесување од страна на Собранието на акционери на Друштвото, Надзорниот Одбор истите ги прифати и одобри.



# 02.3. Ревизија на Годишната сметка и финансиските извештаи за 2023 година

Преку разгледувањето на Годишната сметка и финансиските извештаи од извршената ревизија, Надзорниот Одбор ја разгледува успешноста на целокупното работење и управување на Друштвото, но и ги идентификува областите каде е неопходно да се фокусира деловната политика и стратешкото одлучување.

Независниот ревизор „Moore Stephens“ Скопје, по извршената ревизија утврди дека посебните и поединечните консолидирани финансиски извештаи ја презентираат веродостојно и објективно, од сите материјални аспекти, консолидираната финансиска состојба на Друштвото заклучно со 31 Декември 2023 година, како и неговата поединечна и консолидирана финансиска успешност и неговите поединечни и консолидирани парични текови за годината која што завршува тогаш во согласност со сметководствените стандарди прифатени во Република Северна Македонија.

Оттука, а имајќи ги во вид наодите и постојаниот надзор кој го остваруваше за целиот тек на предметниот период, Надзорниот Одбор утврди дека резултатите од работењето одговараат на податоците презентирани во финансиските извештаи, поради што оцени дека ревизијата е успешна и сеопфатно извршена, во согласност со книговодствените евиденции за Друштвото.

# 02.3. Ревизија на Годишната сметка и финансиските извештаи за 2023 година

Надзорниот Одбор ги препозна и навремените активности на Управниот Одбор, а кои се во насока на навремено идентификување и постојано следење на можните ризици во работењето. Констатираше дека како Управниот Одбор, така и сите надлежни служби успешно се справиле со сите потешкотии и околности кои претставуваат менаџирање со ризик, а кои особено ги засегаат проценката на кредитниот, пазарниот и ликвидносниот ризик, промените во цените и каматните ризици и во таа насока навремено делувале, со цел надминување на можните влијанија врз работењето и профитабилноста на Друштвото.

Дополнително, Управниот Одбор тековно и од блиску ги следел и финансиските резултати на сите Организациони и Работни Единици и секаде каде што препознал дека има потреба, давал насоки и предлагал соодветни мерки, со цел Друштвото да оствари позитивни резултати во работењето.

# 02.4. Разгледување на преодни задачи за работа во 2024 година

Преку Извештаите и Плановите за работа на секоја од Организационите и Работните Единици на Друштвото, Надзорниот Одбор ги разгледуваше нивните преодни задачи за 2024 година.
Истите, предвидуваат исполнување на плановите и економски раст и услови за иден развој на Друштвото, паралелно со континуираното ги следење на движењата и прилагодување на состојбите на пазарот.

Ова, особено имајќи ја во предвид глобалната економска криза, предизвикана од воениот конфликт во Украина, чии последици сеуште силно влијаат и го отежнуваат работењето на Друштвото.

Друштвото и во 2024 година ќе ги преземе сите мерки и потребни дејствија во насока на оптимизација на работењето и остварување на позитивни резултати.

GRANIT

# 03

## РАБОТА НА СЛУЖБА ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА



GRANIT

Врз основа на законските обврски кои произлегуваат од Законот за трговските друштва на Р. Северна Македонија, согласно член 415-а, 415-б и 415-в, Надзорниот Одбор одобри и усвои:

- Годишен план за работа на Службата за внатрешна ревизија во 2024 година;
- Шестмесечен извештај за работата на Службата за внатрешна ревизија за период јануари-јуни 2023 година;
- Годишен извештај за работа на Службата за внатрешна ревизија во 2023 година.

Увидот во горенаведените документи потврди дека Службата врши системски приказ и оценување на управувањето со ризиците во тековното работење на Друштвото и притоа редовно изготвува преглед за мерките и препораките упатени до Секторите, Организационите и Работните Единици во насока на нивна имплементација и зголемена ефективност и ефикасност.



GRANIT
BUILDING & CONSTRUCTION

Дополнително, согласно измените во Законот за трговските друштва, Службата утврди дека доследно и во континуитет Друштвото ги применува и практикува сите начела за корпоративно управување, како што се уредени во Кодексот за корпоративно управување.

На тој начин, Надзорниот Одбор ги идентификуваше областите каде може да се унапреди организациониот процес, како и процесот на контрола и управување, врз основа на што донесе соодветни одлуки и предложи преземање на соодветни мерки и активности за нивно имплементирање.

Надзорниот Одбор на ГД Гранит АД Скопје цени дека Службата за внатрешна ревизија континуирано остварува успешна соработка со Секторите, Службите, Организационите и Работните Единици кои функционираат во рамки на ГД Гранит АД Скопје.

# 04

## ЕВАЛУАЦИЈА НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ГД ГРАНИТ АД СКОПЈЕ



Согласно препораките од Кодексот за корпоративно управување на Македонската берза за хартии од вредност, Надзорниот Одбор во 2023 година вршеше континуиран надзор врз работењето на членовите на Управниот Одбор.

Управниот Одбор на ГД Гранит брои 5 члена. Истите се назначени на 12.05.2020 година, со мандат од 6 години, односно до 12.05.2026 година, и тоа:

- **Страшо Милковски**, дипломиран инженер архитект – Претседател на Управен Одбор,
- **Зоран Милковски**, магистер по природни науки, математика и компјутерски науки – Генерален Директор и Член на Управен Одбор,
- **Андреа Серафимовски** дипломиран градежен инженер – Директор на ОЕ Високоградба и Сектор за оператива и Член на Управен Одбор,
- **Катерина Ѓердовска** дипломиран економист – Директор на Сектор за финансии и Член на Управен Одбор,
- **Венко Зафиров** дипломиран електро инженер – член на Управен Одбор.

Различните образовни профили на членовите на Управниот Одбор, каде секој од членовите поседува специфично знаење и стручност од различни области, различните работни позиции професионалната кариера, како и возраста и полот, овозможуваат сеопфатен пристап во раководењето на Друштвото.

GRANIT

## 1. Страшо Милковски – Претседател на Управниот Одбор

Страшо Милковски е дипломиран инеженер архитект, кој долги години беше и Генерален Директор на Друштвото и успешно го водеше низ годините на подеми и падови, одржувајќи го секогаш на врвот во градежниот сектор.

Како докажан и признат успешен менаџер, има познавања и разбирање на воспоставеното корпоративно управување и улогата на Управниот Одбор и е посветен на континуирано надградување, следејки ги и проучувајки ги сите новини во примената на корпоративното управување. Со своето долгогодишно искуство и широки познавања од градежништвото, но и богатото животно искуство, Страшо Милковски е клучната фигура во креирањето на стратегиите на Друштвото и успешното повеќедецениско работење.

Претседателот на Управниот Одбор се грижи да го информира Надзорниот Одбор за секоја одржана седница на Управниот Одбор, преку Корпоративниот Секретар на Управниот Одбор. Во информациите детално го известува за резултатите од работењето на Друштвото и за донесените Одлуки кои се однесуваат на делокругот на Надзорниот Одбор.

GRANIT

## 2. Зоран Милковски – Генерален Директор и Член на Управниот Одбор

Зоран Милковски е магистер по природни науки, математика и компјутерски науки кој веќе 10 години како член на Управниот одбор, успешно ја извршува функцијата на Генерален Директор. Покрај тоа, тој од 2015 година е и член на Управниот Одбор на Стопанската Комора на Македонија и член на Собранието на Економската Комора на Македонија, а од 2020 година е и неизвршен член на Надзорниот Одбор на Евроинс Македонија. Ваквите ангажмани се додадена вредност на образованието и професионалното искуство во Гранит и битен фактор кој придонесува за успешно раководење и менаџирање на Друштвото.

Зоран Милковски надградувајќи ја својата кариера и своето искуство има клучна улога во креирањето на стратегиите и политиките на Друштвото и неговите заложби и успешно раководење се потврдени од позитивните финансиски резултати на Друштвото, дури и во услови на економски неповолна клима, како во Македонија, така и во светски рамки.

GRANIT

## 3. Андреа Серафимовски – Член на Управниот Одбор

Андреа Серафимовски е дипломиран градежен инженер, кој веќе една деценија е член на Управниот одбор, давајќи го својот несебичен придонес во успешното управување со Друштвото. Како член на Управниот одбор посветен е на управување и организирање на работењето на градежната оператива и тоа на високоградбата како и на изградбата на автопатиштата, аеродромите и другите објекти од нискоградбата, услужните дејности како што се механизацијата, каменоломите, бетонските и асфалтните бази.

Во 2015 година е избран, а во 2020 година е реизбран за претседател на Здружението на градежништвото, индустријата на градежни материјали и неметали при Стопанската комора на Македонија. Претставувајќи го Здружението, учествува и на повеќе домашни и меѓународни настани, конференции и стручни дебати, членувајќи во работни групи за измена на правната рамка од областа на градежниот сектор и застапувајќи ги интересите на компаниите – членки пред институциите и пошироката јавноста. Ги застапува и интересите и проблемите со кои се соочува Друштвото во вршење на дејноста.

Така, Андреа Серафимовски е човекот кој покрај тоа што од блиску ја води оперативата на најголемата градежна компанија, како член на Управниот Одбор го втемелува оперативното искуство во кроењето на стратешките определби на Друштвото.

GRANIT

**4. Катерина Ѓердовска – Директор на Секторот за финансии и Член на Управниот Одбор**

Катерина Ѓердовска е дипломиран економист и член на Управниот одбор, целосно задолжена за финансиите и сметководството на Друштвото.

Како член на Управниот Одбор е избрана во 2020 година, а со своето професионално искуство и сестрано познавање на прописите од областа на финансиите има клучна улога во планирање на инвестициите, предвидување на ризиците и предложување на мерки за надминување и минимизирање на негативните ефекти.

Катерина Ѓердовска, редовно присуствува и на седниците на Надзорниот Одбор, каде детално ги елаборира резултатите на Друштвото и одговара на сите прашања од членовите на Надзорниот Одбор, овозможувајќи му на Надзорниот Одбор непречено да ги извршува законските обврски.

## 5. Венко Зафиров –  член на Управен Одбор

Венко Зафиров е дипломиран електро инженер и член на Управниот Одбор на Друштвото од 2008 година.

Со своето специфично стручно знаење, дава насоки за унапредување на ИКТ безбедноста и континуираната дигитална трансформација на деловните процеси. Како член на Управниот одбор задолжен за унапредување, следење и организирање на информатичката технологија и сите новини во таа област, допринесува за креирањето на стратешките насоки по кои Друштвото ќе се води и развива.

Надзорниот Одбор ја ценеше работата на Управниот Одбор во 2023 година, колективно и поединечно за секој од членовите, и констатира дека Управниот Одбор успешно го водеше работењето на Друштвото, членовите работеа професионално, чесно и посветено, што резултираше со позитивни финансиски резултати и успешно завршена година, во услови на светска криза и економска нестабилност.

# 05

# СОРАБОТКА СО УПРАВНИОТ ОДБОР НА ГД ГРАНИТ АД СКОПЈЕ



Друштвото има воспоставено систем на корпоративно управување кој се заснива како на законските регулативи, така и на најновите меѓународни практики, што особено е видливо од континуираната и блиска соработка помеѓу Надзорниот и Управниот Одбор на Друштвото.

Во текот на 2023 година, Управниот Одбор редовно и навремено го информираше Надзорниот Одбор за остварените резултати од работењето на Друштвото, како и за сите околности и ситуации кои може да бидат од значење за неговото одлучување. До Надзорниот Одбор беа доставени и сите потребни документи и акти, согласно позитивните законски прописи и тековно утврдените потреби на Друштвото.

Дополнително, на покана на Претседателот на Надзорниот Одбор, на седниците на Надзорниот Одбор, присуствуваше и член на Управниот Одбор, кој подетално известуваше за резултатите од работењето на Друштвото и ги одговараше сите прашања од членовите на Надзорниот Одбор.

# 06

## ПРЕПОРАКИ ОД НАДЗОРНИОТ ОДБОР ДО ГОДИШНОТО СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ



Континуираниот увид и надзор над работењето на Друштвото во 2023 година му овозможи на Надзорниот Одбор да изврши контрола и оценка и врз основа на истото, Надзорниот Одбор констатира дека дадените укажувања, одлуки, препораки и заклучоци навремено беа имплементирани во работењето на Друштвото од страна на Управниот Одбор на ГД Гранит АД Скопје.

Надзорниот Одбор ги разгледа и ги потврди одлуките донесени од Управниот одбор за Собранието за акционери, а согласно член 480 став 3 ги усвои и му предлага на Собранието да ги усвои Одлуките за:

1. Годишна и консолидирана годишна сметка на Гранит за 2023 година;

2. Посебните и консолидираните финансиски извештаи за работењето на Гранит во 2023 година;

3. Годишниот Извештај за работењето на Гранит во 2023 година;

4. Извештајот на Независниот Ревизор и Посебните и Консолидирани финансиски извештаи на Гранит за 2023 година;

5. Извештај за работењето на Надзорен Одбор за 2023 година;

6. Одлука за распределба на добивката на ГД Гранит АД Скопје остварена во Годишна Сметка за 2023 година;

7. Одлука за исплата на дивиденда за 2023 година,

8. Извештај за работењето на Службата за внатрешна ревизија во ГД Гранит АД Скопје во 2023 година;

9. Предлог за избор на Ревизор на Годишните сметки и Финансиските извештаи на ГД Гранит АД Скопје за 2024 година.

GRANIT
BUILDING & CONSTRUCTION

# 07

# ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА



Членовите на Надзорниот Одбор на ГД Гранит АД Скопје, во рамките на утврдените надлежности кои произлегуваат од одредбите на Законот за трговски друштва, Статутот на Друштвото, Деловникот за работа и останатите општи акти за остварување на редовната деловна активност на ГД Гранит АД Скопје, во текот на 2023 година активно придонесуваа и учествуваа во донесувањето на одлуки, транспарентно, преку објективна, компетентна и сеопфатна анализа.

И во 2024 година, Надзорниот Одбор на ГД Гранит АД Скопје останува посветен на стратешките приоритети и деловната политика за развој кои ќе ги утврди Управниот Одбор на ГД Гранит АД Скопје, како и останатите планови за натамошен екомонски раст, успешно исполнување на преземените проекти во 2024 година и надминување на кризата наметната од војната во Украина и енормоното покачување на цените на основните материјали во светски рамки.

Претседател на Надзорен Одбор

Ивана Милковска Симева

Скопје, Април 2024 година

Градежно друштво ГРАНИТ АД Скопје

GRANIT BUILDING & CONSTRUCTION




**ГД Гранит АД Скопје**

Ул. Димитрие Чуповски бр. 8

1000 Скопје

Република Северна Македонија

**www.granit.com.mk**